

# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

Доц. Д-р Бистра Ангеловска, Проф. Д-р Никола Камчев
Универзитет „Гоце Делчев“ Штип
Факултет за медицински науки



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Вовед**

Приоритетни здравствени проблеми - хроничните незаразни заболувања, новите заразни заболувања и ургентните состојби.

Стратешките определби - основа на здравствениот систем во Република Македонија и понатаму ќе биде примарната здравствена заштита ориентирана кон поединецот, семејството и заедницата, со акцент на превентивната здравствена заштита и задоволување на најголемиот дел од здравствените потреби на населението.

До распадот на СФРЈ, во здравствениот систем на Република Македонија (како дел од СФРЈ) не постои приватна лекарска практика и сите граѓани се опфатени со концепцијата на народно здравје или општа здравствена заштита, во која пристапот до здравствените услуги е отворен за сите, лекувањето е бесплатно и здравственото осигурување е општо и задолжително.

До 1991 година превентивната здравствена заштита беше организирана во рамките на интегрираниот јавен здравствен сектор преку организационите единици во јавните здравствени установи со јасно дефинирани задачи, надлежности и поставеност, Заводот за здравствена заштита и здравствените установи при работните организации (најчесто од општа медицина и медицина на трудот)

Со радикалниот пресврт во општественото организирање по 1989 година и преземањето на либералниот модел во организирањето на општеството, во кој доминираат приватната сопственост и пазарот, концепцијата на здравствената заштита станува недоволна и несоодветна да ја покрие концепцијата на јавното здравје.[6]



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

Македонското здравство денес е организирано во здравствени установи што се во јавна и во приватна сопственост на три нивоа: примарна, секундарна и терциерна здравствена заштита.

Според законските прописи и актите кои произлегуваат од нив, за превентивна заштита се надлежни здравствените установи од примарната здравствена заштита (независно дали се приватни или јавни), заводите за здравствена заштита и некои од болниците.

Во транзициониот период од 1991 до денес во рамките на здравствените реформи се извршени значајни промени во здравствениот систем: чести промени на здравственото законодавство, промена во сопственоста на здравствените установи, прегрупирање на надлежностите и друго.

Прилагодувањето на системот на новите околности и постојаните промени доведе до делумно нарушување на етаблираниот систем за превентивна здравствена заштита.



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

### Основни податоци

- Број на жители декември 2008 година 2 048 619 [1]
- Просечното траење на живот: 73,76 години
- БДП по жител 2.980,00 $
- Стапка на невработеност 32,4%
- Во 2006 година трошоците за здравство : 7,02 % од БДП. [15]
- Најчести причини за смрт во 2008 година: болестите на циркулаторниот систем -57,3% од вкупно умрените, неоплазмите - 18,5%, ендокрини, нутритивни и метаболични болести - 4,2% и тн.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

## Организација на здравствениот систем на Република Македонија-акцент на превентивната здравствена дејност

Македонското здравство денес е организирано во здравствени установи што се во јавна и во приватна сопственост, на три нивоа примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита.

**График 1: Здравствени установи со надлежности во превентивната здравствена заштита**





# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

Според Законот за здравствена заштита, законот за здравственото осигурување и актите кои произлегуваат од нив за превентивна заштита надлежни се здравствените установи од примарната здравствена заштита (независно дали се приватни или јавни), заводите за здравствена заштита и некои од болниците. [5]

Специјализираната грижа се спроведува преку Републичкиот Завод за задравствена заштита (Институт за јавно здравје) во Скопје, регионалните заводи за здравствена заштита и хигиено-епидемиолошките санитарни единици. Патронажата (посети од медицински сестри) исто така вклучува делови од јавната здравствена функција. [16] (График 1)

Здравствениот систем и остварувањето на здравствената заштита во Република Македонија во најголем дел, со над 85%, се финансира од Фондот. Останатиот дел се финансира од буџетот на државата, разни донации и директни плаќања од пациентите за извршени здравствени услуги.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Табела 1: Договори на Фондот за здравствена заштита на Македонија (ФЗОМ) со здравствени установи кои пружаат превентивна здравствена заштита**

| **Приватни ординации од ПЗЗ** | Број на склучени договори |
|---|---|
| Општа медицина | 1040 |
| Гинекологија | 118 |
| Педијатрија* | 85 |
| Медицина на труд* | 28 |
| Училишна медицина* | 13 |
| Стоматологија | 118 |
| Поликлиники | 35 |
| **Јавни здравствени установи од ПЗЗ** | |
| Здравствени домови | 34 |
| Здравствени станици | 3 |
| Институт за јавно здравје | 1 |
| Регионални заводи за | 3310 |



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

* За здравствените установи од педијатрија, медицина на трудот и училишна медицина не се предвидени посебни превентивни активности согласно нивната специјалност, туку тие пружаат здравствени услуги како избран (матичен) лекар и превентивната дејност ја обавуваат согласно договорите преку исполнување на целите.

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) е одговорен за прибирање и распределба на средствата од задолжителното здравствено осигурување.

Плаќањето за извршените услуги се врши врз основа на склучени Договори со здравствените установи (Табела 1), согласно важечките законски акти. (Табела 2)



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Законска регулатива и други објавени акти и анализи - акцент на превентивната здравствена дејност**

Собранието на Република Македонија, Владата и Министерството за здравство ги поставуваат законските рамки за функционирање на здравствениот систем.

Два основни закони го обликуваат здравствениот систем: Закон за здравствената заштита и Закон за здравственото осигурување. [15]

Во периодот од независноста на Република Македонија до денес се донесени клучните закони од областа на здравството кои ја покриваат и превентивната здравствена дејност.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Табела 2: Преглед на основните акти кои имаат влијание врз организирањето на превентивната здравствена дејност**

| Акт | Донесен/ изменет | Одредби што се однесуваат на превентивната здравствена заштита |
|---|---|---|
| Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем | 02/ 2007 | Се одредува визијата кон унапредување на здравјето и подобрување на здравствениот систем кој ќе одговара на потребите на населението.<br>Програмите за здравствена заштита и превенција, согласно определбите од стратегијата „Здравје за сите во 21-от век„ на СЗО, Белата книга на ЕУ, Милениумските цели на ОН и други меѓународни акти и препораки |
| Стратешки план 2009 - 2011 | 04/09 | Дефинирани стратешките приоритети и цели на Министерството за здравство 2009-2011 |



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

| Акт | Донесен/ изменет | Одредби што се однесуваат на превентивната здравствена заштита |
|---|---|---|
| Закон за здравствената заштита | 1991<br>04/1997 (пречистен текст)<br>Измени:<br>02/02;03/04;<br>10/05,12/05;<br>05/06;01/07;*<br>07/07;*<br>09/07;*<br>01/08;06/08;<br>05/09;<br>*одлуки на Уставен суд | Се уредуваат правата од здравствената заштита на граѓаните, односите и правата од здравственото осигурување, постапката на користењето на здравствената заштита и системот и организацијата на здравствената заштита.<br>Загарантирано правото на превентивна здравствена заштита на осигурениците финансирано од средствата од ФЗОМ и на сите граѓани со средства обезбедени со Републичкиот буџет распоредени со програми што ги донесува Владата на Република Македонија.<br>Надлежни здравствени установи за вршење на превентивната здравствена дејност се здравствените установи од примарната здравствена заштита и заводите за здравствена заштита.<br>И покрај честите измени и доплнувања, пречистен текст не е објавен. |



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

| Акт | Донесен/ изменет | Одредби што се однесуваат на превентивната здравствена заштита |
|---|---|---|
| Закон за здравственото осигурување | 03/2000<br>Измени:<br>1/2000;<br>05/03;<br>10/05;<br>12/05 (пречистен текст)<br>03/06;<br>10/06;*<br>02/07;<br>03/07;<br>06/07;*<br>07/07;*<br>07/08;<br>01/09;<br>05/09;<br>*одлуки на Уставен суд | Се уредува здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување.ФЗОМ ги покрива трошоците за превентивна здравствена заштита на осигурените лица во примарната здравствена заштита и делумно ги сноси трошоците за финансирањето на Програмите за здравствена заштита и превенција донесени од Министерството за здравство.<br>Следењето и контролата на исполнувањето на целите е во надлежност на ФЗОМ и се врши врз основа на администратвните податоци.<br>Законот е донесен девет години по донесувањето на Законот за здравствената заштита,од кој произлегува.<br>И покрај честите измени и доплнувања, пречистен текст не е објавен. |



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

| | | |
|---|---|---|
| Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување | 2000<br>Измени:<br>2001,<br>2001,<br>2002 и<br>2004 | Подзконски акт на Законот за здравственото осигурување.<br>Дефинира дека, покрај другите активности, основната здравствена заштита ги опфаќа превентивни мерки и активности, кои ќе се вршат во обем и на начин утврден со програмите што ги донесуваат Владата на Република Македонија, односно Фондот.<br>Патронажната посета ја спроведуваат медицински сестри од тимот на избраниот лекар – гинеколог |
| Правилник за плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита | 2001<br>измена<br>2003 | Подзконски акт на Законот за здравственото осигурување.<br>Се утврдуваат критериумите за склучување на договори со здравствените установи и начинот на плаќање на здравствените услуги кои здравствените установи ги даваат на осигурените лица во примарната здравствена заштита на товар на средствата за задолжително здравствено осигурување на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во кои спаѓаат основните здравсвени услуги и здравствените услуги од примарната здравствена заштита кои се опфатени со определени програми.<br>Плаќањето на здравствените услуги согласно овој правилник и договорите склучени со здравствените установи од примарната здравствена заштита ќе се врши со 60-70% од надоместокот за капитација како фиксен дел и 30-40% варијабилен дел како надоместок за остварувањена целите.<br>Целите се во најголем дел активности што се однесуваат на извршувањето на превентивни мерки и активности. |



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

| | | |
|---|---|---|
| Закон за заштита на населението од заразни болести | 10/04 Измени: 11/08; 08/09 | Се утврдуваат мерките за спречување на појавата, рано откривање, спречување на ширењето и сузбивање на заразните болести и на инфекциите, правата и обврските на здравствените установи, правните и физичките лица, како и надзорот над спроведувањето на мерките, со цел на заштита на населението од заразни болести.<br>Според овој закон, вакцинацијата ја врши доктор по медицина во здравствена установа за вршење на вакцинација овластена од министерот за здравство.<br>Имунопрофилаксата и хемиопрофилаксата се спроведуваат согласно годишната програма на Владата на Република Македонија и се регулирани со правилник.<br>Надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Министерството за здравство.<br>Законот е донесен 13 години по донесувањето на Законот за здравствената заштита,од кој произлегува. |
| Закон за санитарната и здравствената инспекција | 06//06, Измена: 11/08 | Ги регулира надлежностите на државниот санитарен инспекторат и тоа за контрола над спроведувањето на мерките за превентивна здравствена заштита и надзорот над извршувањето на законите и прописите донесени врз основа на законите во областа на санитарно-хигиенската, епидемиолошката и на здравствената заштита, а особено над остварувањето на правата од здравствената заштита; вршењето на здравствена дејност; евиденциите во областа на здравствената заштита и општите акти на здравствените организации |
| Закон за јавно здравје | 06/09 | Се уредуваат основните функции и задачи на јавното здравје, системот на јавно здравје, јавно здравствени вонредни околности и финансирањето на јавното здравје. |



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

Во периодот од независноста на Република Македонија до денес се донесени клучните закони од областа на здравството кои ја покриваат и превентивната здравствена дејност. Донесените закони и други акти во најголема мерка кореспондираат со реформските процеси на здравствениот сектор и препораките од СЗО и ЕУ. (Табела 2: Преглед на основните акти кои имаат влијание врз организирањето на превентивната здравствена дејност).

Сепак, временската рамка во која се донесени, честите измени и преклопувањето на надлежностите во голема мерка влијаат врз нивното спроведување.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Преглед на објавени документи**

- **European Observatory on Health Systems and Policies WHO Regional Office for Europe** www.euro.who.int/observator **The former Yugoslav Republic of Macedonia, 2006,** „Службите за превентивна здравствена заштита во Република Македонија се многу успешно поставени, што резултира со могу добра покриеност на популацијата со имунизација“.[16]
- **Оценки и ставови на граѓаните за реформата на здравството во Република Македонија** - Проектна единица за координација-Министерство за здравство /Светска банка, 29.01 2007 година: „Врз основа на вкупниот капацитет на приватните ординации и потребите на корисниците на здравствени услуги, како и сознанијата од теренот приватните лекари од примарната здравствена заштита не обезбедуваат сеопфатна примарна здравствена заштита која би ги опфатила сите превентивни и итни услуги по работното време. Реално тие не можат во овој период да обезбедуваат континуирана здравствена заштита што е суштинско за еден здравствен систем.

  Факт е дека македонското здравство се соочува со многубројни проблеми од објективна и субјективна природа што влијаат врз квалитетот на здравствената заштита и директно ги погодуваат интересите на корисниците на здравствените услуги.

  Во намерата да се дојде до подобар квалитет за здравствената состојба на населението пожелно е главен акцент да биде ставен врз унапредувањето на здравјето и превентивата и зголемување на здравствената култура кај населението преку едукација и редовно информирање“.[5]



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

- **Ревидирани конечен извештај изготвен од Томас Е. Новотни,** МД, МПХ Меѓународен консултант на Министерството за здравство Скопје, Македонија 22 мај 2008 година во рамките на проектот за управување со здравствениот сектор, Заем на МБОР бр. 4733 Компонента 1: Политики и спроведување Реформа на системот на јавно здравје: „нема проценка на „националните здравствени сметки“ кои точно ги опишуваат сите здравствени расходи во Македонија, се врши преиспитување на финансирањето на превентивните програми во смисла на распределбите и приоритетите во контекст на проектот за Основен пакет на услуги (каде се вклучува одвојување на клиничките превентивни услуги за клучни прашања од јавното здравје, од Заводите)“ [4]
- **Годишен извештај** за остварени резултати по програми/подпрограми од стратешкиот план 2008-2010 за 2008 година, објавен на web сајтот на Министерството за здравство како остварени резултати во областа на превентивната здравствена заштита и промоција на здравјето во делот на извршувањето на активностите предвидени со програмите како остварени резултати се квантифицирани само некои од активностите. [17]

## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

- Во **Извештајот за работата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат** за 2008 година податоците од извршени контроли се однесуваат на извршените вакцинации, контролите на снитарно-хигиенските услови во објектите и установите, надзор во врска епидемии од акутно труење со храна, надзор во врска со спречување на појава и ширење на заразни болести. 3
- Во **Годишниот извештај на ФЗОМ** за 2008 година од Секторот за контрола не е назначено на кој начин се контролира остварувањето на целите и кои се констатираните неправилности, дали постојат сознанија за обемот на извршените превентивни активности и начинот на нивното следење.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Предности и недостатоци на здравствениот систем - акцент на превентивната здравствена дејност**

- Здравствената заштита во Република Македонија до населението е достапна според географските, економските и временските фактори, со солидна распространета мрежа на здравствени установи;
- Донесена е  Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, со која се одредува визијата кон унапредување на здравјето и подобрување на здравствениот систем кој ќе одговара на потребите на населението, сојасни стратешки определби за подобрување на превентивната здравствена заштита и стратешки план за нејзина имплементација;
- Финансирањето на програмите за превентивна здравствена заштита  е главно од средствата од централниот буџет и од Фондот за здравствено осигурување;



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

- Донесени се голем дел од законските и подзаконските акти за подршка на стратешките определби;
- Во  Законот за здравствената заштита и подзаконските акти не се јасно дефинирани индикаторите за успешност на спроведените мерки од програмите и превентивната заштита и начинот на нивно следење, како и контролата на извршените задачи што произлегуваат од него;
- Честите и неконзистентни промени во клучните законски прописи без ажурирање и објавување на пречистен текст, како и преклопувањето на надлежностите на институциите често водат до конфузност и несоодветна примена на истите;
- Меѓусебно поврзаните законски прописи и подзаконски акти се донесени во широк временски перод од десетина години што остава празен простор на делување и значително влијае врз квалитетот на севкупната здравствена заштита, а особено негативно се одразува на превентивната дејност, со оглед на нејзината специфичност и општествен значај;



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

- Променета е структурата на здравствените установи со овозможената приватизација со што е намалена улогата на јавните здравствени установи (здравствените домови и здравствените станици) како дел од носечките институции во спроведувањето на превентивната здравствена заштита;
- Приватните примарни здравствени установи немаат доволен капацитет за спроведување на сите мерки предвидени со програмите за превентвна здравствена заштита;
- Следењето, контролата и воспоставувањето на мерливи параметри на извршените превентивни активности е предвидено во повеќе законски акти, во кои често се преклопуваат надлежностите, но не постои единствен јасен акт со кој ќе се обезбеди сигурност на добиените податоци;



## Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

Заклучок - **Предлог мерки за подобрување на превентивната здравствена заштита**

- Изготвување на пречистена, јасна и конзистентна законска регулатива за обезбедување на превентивна здравствена заштита, со јасно одредени надлежности за активности и контрола на извршените услуги;
- Обезбедување на соодветна здравствена мрежа од јавни здравствени установи во кои ќе се воспостават оддели надлежни за спроведување, следење и евидентирање на спроведените активности од превентивната здравствена заштита;
- Обезбедување на постојан и сигурен систем на финансирање на превентивната здравствена заштита и
- Превземање на мерки за подигнување на здравствената култура кај населението со адекватна промоција на јавното здравје.



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија

**Користена литература**


1. Државен завод за статистика „Македонија во бројки“стр.12, Скопје, 2009;
2. Министерство за здравство, Здравствена стратегија на Република Македонија 2020 сигурен, ефикасен и правичен здравствен систем, Скопје, февруари 2007;
3. Министерство за здравство, Извештај за работата на Државниот санитарен и здравствен инспекторат за 2008 година, Скопје, 2009
4. Новотни Т., Ревидиран конечен извештај во рамките на проектот за управување со здравствениот сектор, Заем на МБОР бр. 4733 Компонента 1: Политики и спроведување Реформа на системот на јавно здравје, Министерство за здравство, Скопје, мај 2008;
5. Проектна единица за координација-Министерство за здравство /Светска банка, Оценки и ставови на граѓаните за реформата на здравството во Република Македонија, Скопје, 2007;
6. Саркањац Б. Јавно здравје и здравствена реформа Политички и социолошки перспективи, Филозофски факултет Институт за здравје и општество, Скопје, 2008;
7. Собрание на Република Македонија, Закон за заштита на населението од заразни болести, Сл. весник бр.66/04;
8. Собрание на Република Македонија, Закон за здравствената заштита, Сл. Весник 38/91, 46/93, 55/95, 10/2004, 84/2005, 111/2005, 65/2006, 5/2007 и 77/2008;
9. Собрание на Република Македонија, Закон за здравственото осигурување Сл.весник бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 , 98/2008 и 6/2009;



# Превентивната здравствена заштита во Република Македонија


10. Собрание на Република Македонија, Закон за јавно здравје Сл. Весник бр. 22/2010;
11. Собрание на Република Македонија, Закон за санитарната и здравствената инспекција, Сл.весник на РМ бр.71/06 и 139/08;
12. Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Годишен извештај за 2008 година, Скопје, 2009;
13. Фонд за здравствено осигурување на Македонија, Правилник за плаќање на здравствените услуги во примарната здравствена заштита, Сл. весник бр. 48/2001 и 31/2003;
14. Фонд за здравствено осигурување на Македонија,Правилник за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, Сл. весник бр. 111/2000, 4/2001, 71/2001, 23/2002 и 55/2004;
15. Tozija F. и други, HEALTH of the nation of the Republic of Macedonia**,** Skopje, 2008;
16. www.euro.who.int/observator, European Observatory on Health Systems and Policies WHO Regional Office for Europe, The former Yugoslav Republic of Macedonia, 2006;
17. www.moh.gov.mk, Министерство за здравство, Годишен извештај за остварени резултати по програми/подпрограми од стратешкиот план 2008-2010 за 2008 година;
18. www.moh.gov.mk, Министерството за здравство, Стратешки план 2009-2011 година на Министерството за здравство, 02.04.2009

# Благодарам за вниманието

